**ДП. 140**

Дисциплинската комисија на Комората на извршители на РМ( подолу како ДК при КИРМ) надлежна за подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар, постапувајќи по пријавата на подносителот П.С. од Охрид преку полномошник Д.Г. адвокат од Охрид и пријава од подносител С.А., адвокат од Охрид против извршител В.С., на главен претрес, одржан во просториите на КИРМ на ден 10.12.2010 год. согласно член 17 и член 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во врска со чл. 29 од ЗКП го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**Се спојуваат** дисциплинските постапки по повод Решение ДП. бр. 140 со кое се поведува постапка за сторена дисциплинска повреда на извршителот В.С., врз основа на пријава од подносител П.С. од Охрид, и по повод Решение ДП.бр. 168 со кое се поведува дисциплинска постапка против извршител В.С. од подносител адвокат С.А. од Охрид, и ќе се водат како единствена постапка ДП .бр.140.

**Се изрекува** дисциплинска мерка на извршител В.С.

***Писмена опомена***

согласно чл 56 ст. 1т.б од Законот за извршување за сторена дисциплинска повреда при спроведување на извршување по И.бр.257/08 и И.бр. 561/07 .
Писмената опомена се става 30 дена да стои на вратата од салата за состаноци во седиштето на Комората на извршители на РМ.

Образложение

Од страна на подносителот П.С. од Охрид преку полномошник Д.Г. адвокат од Охрид, на ден 17.03.2008 година до Комората на извршители на РМ достави пријава против извршител, потоа дополнување на пријава на ден 25.08.2008 година, кои се однесуваат на работењето на извршителот В.С. од Охрид по налог за извршување И.бр.561/07. По повод оваа пријава во КИРМ беше заведен дисциплински предмет ДП. бр. 140
Извршителот В.С., достави до ДК при Комората на извршители на РМ одговор на пријава на ден 03.11.2008 година, со кој ги отфрли наводите од поднесокот во врска со предмет И.бр. 561/07 во целост како неосновани.

Подносителот С.А., адвокат од Охрид, на ден 24.10.2008 година до Комората на извршители на РМ достави барање за утврдување на дисциплинска одговорност кое се однесува на работењето на извршителот В.С. од Охрид по налог за извршување И.бр.257/08.
Извршителот В.С., достави до ДК при Комората на извршители на РМ одговор на пријава на ден 17.11.2008 година, со кој ги отфрли наводите од поднесокот во врска со предмет И.бр.257/08 заедно со сите списи од предмет И.бр.257/2008 во

оригинал. По повод оваа пријава во КИРМ беше оформен и заведен дисциплински предмет ДП. бр.168.

Дисциплинската комисија на седница на ден 02.12.2008 одлучи да се одложи претходната постапка по повод ДП.бр.140 и го задолжи извршителот да достави цел предмет И.бр. 561/07 со сите списи во оригинал до КИРМ.

На седница одржана на ден 02.12.2008 год., Дисциплинската комисија надлежна за подрачјето за ОС Охрид, ОС Струга и ОС Дебар, донесе Решение ДП. бр168 со кое се поведува дисциплинска постапка против извршител В.С. по повод пријавата од С.А., адвокат од Охрид. По повод ова решение за поведување на постапка ина ДК на КИРМ извршителот на ден 31.03.2009 год вложи жалба до Министерот за правда на РМ, со Решение 09-1739/3 од 08.05.2009 година Министерот за правда ја отфрли жалбата на извршителот В.С. како недопуштена.

На седница одржана на ден 09.04.2009 год., Дисциплинската комисија надлежна за подрачјето за ОС Охрид, ОС Струга и ОС Дебар, донесе Решение ДП. бр.140 за поведување на дисциплинска постапка против извршител В.С., по повод пријавата од П.С. од Охрид преку полномошник Д.Г. од Охрид.

На седница одржана на ден 10.12.2010 година, ДК при КИРМ донесе решение да ги спои овие две дисциплински постапки, против извршител В.С. заради целисходност и економичност на постапката и да се водат како единствена постапка ДП .бр.140.

Дисциплинската комисија на КИРМ, на јавен главен претрес, на ден 10.12.2010 година, по реферирање на предметот ДП.бр.140 и предметот ДП.бр.168 од страна на членот известител на ДК, и откако се прочита решението за поведување на дисциплинска постапка ДП.бр.140 и решението за поведување ДП.168, пристапи кон испитување на извршителот В.С. на јавниот претрес. Извршителот, предупреден во смисла на одредбите од ЗКП, по повод наводите од пријавата од подносител П.С. од Охрид преку адвокат Д.Г. од Охрид изјави дека е неспорно да на ден 21.12.2007 год. е примено писмено барање од доверителот преку неговиот полномошник и пристапено кон спроведување на дејствија на извршување согласно диспозитивот на пресудата која беше предмет на извршување кај извршителот. Едно од дејствијата било и издавање на налог за извршување врз недвижност Об. Бр. 43 во кој налог е направена техничка грешка во однос на неговата изрека а пропустсе состои што не се наведени и должниците-малолетните деца од извршниот наслов. На ден 18.03.2008 год. во канцеларијата на извршителот со полномошникот на пријавителката бил составен записник за регулирање на нивните должничко-доверителски односи. По овој записник извршителот нема превземено никакви други дејствија, освен што е извршена достава на жалба поднесена од полномошникот на должниците до доверителот, а примена кај извршителот на 26.03.2008 година како и достава на списите по предметот по барање на судот на ден 06.06.2008 година и достава на второстепената одлука на Апелациониот суд Битола ГЖ. Бр. 1772/2008 примена

кај извршителлот на 02.07.2008 година кое доставување е законска обврска на извршителот согласно Законот за извршување.

По повод наводите од пријавата од адвокат С.А. од Охрид, извршителот В.С. изјави дека смета дека полномошникот адвокат С.А. од Охрид не е овластен од должникот Г.З.в.АД Крагуевац- Р. Србија со полномошното кое е доставено во списите а наводно издадено од ГС Г. ДОО Охрид. На 25.02.2008 година извршителот примил барање за извршување од доверителот против должникот. По приемот на барањето извршителот направил увид во катастарските книги, поднел барање за издавање на имотен лист и во имотниот лист како носител на право на недвижноста предмет на извршување стои Г.З.в. АД СЦГ–Крагуевац. По издавањето на налогот за извршување биле поднесувани приговори и од должникот и од учесникот со презентирање на нотарски акт ОДУ бр. 173/05 каде што е наведено дека должникот по предметот З. АД Крагуевац го продал имотот на ГС Г. ДОО Охрид. Меѓутоа, овој договор како што наведов погоре не е спроведен во катастарските книги. На ден 10.11.2008 год .во 10.30 часот во канцеларијата на извршителот поднесено е барање за повлекување на извршувањето во целост од причини што доверителот примил решение РЕВ. 1018/2008 од 08.10.2008 година на Врховен суд на РМ со кое ревизијата се усвојува, а Пресудата на Апелациониот суд во Битола ССЖ бр 644/2007 од 28.12.2008 година во делот со кој е потврдена пресудата на ОС Охрид П. бр 300/2000 од 04.04.2008 година за усвоениот дел од тужбеното барање со законска затезна камата и парнични трошоци и првостепената пресуда во тој дел се укинува а предметот се враќа на повторно судење пред првостепениот суд. Веднаш по добивање на погоре наведеното барање извршителот издал заклучок за запирање на извршување во целост спрема должникот како и извршил бришење на прибелешката во ДЗГД –ОПК Охрид.

Дисциплинската Комисија при постапувањето ги изведе предложените докази, и тоа, спроведе увид во списи во предмет И. бр. 561/2007: Барање за извршување од 21.12.2007 од доверител С.Д. од Охрид преку адвокат Д.С.М. од Охрид*;* Пресуда П.бр. 19/05 од 15.05.2007 год. од Основен суд Охрид; Полномошно од доверител С.Д. од Охрид до адв. Д.С.М. од Охрид*;*Трошковник од 21.12.2007 год.; Поднесок од адв. Д.С.М. од Охрид од 21.12.2007 ; Договор за купопродажба на недвижност од септември 2001; Барање за податоци од должник И.бр.561/2007 од 24.12.2007*; Н*алог за извршување од 24.12.2007 год. И.бр.561/2007; Податоци од ЦРРМ за С.П.; Налог за извршување врз недвижност И. бр. 561/2007 од 24.12.2007 год; Извлечок од интабулациона книга Ин.бр.5 стр.6 Основен суд Охрид*;* Заклучок за извршување заради предавање на определени предмети од 24.12.2007 год. *;* Доставница И.бр.561/07 од 24.12.2007 г. до С.П.; Доставница И.бр.561/07 од 26.12.2007 г. до Охридска банка*;* Доставница И.бр.561/07 од 26.12.2007 г. до С.Д.*;* Поднесок од доверител Д.С.о од 27.12.2007 год. 26.12.2007 г.*;* Поднесок од должник П.С. преку адв.А.Г. Охрид*;* Солемнизација–потврда на приватна исправа ОДУ.бр.54/00 на нотар Г.д. од Охрид од 04.05.2000 г.*;* Договор за купопродажба на недвижност од 23.04.2000 г. *;* Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.561/07 од ден 26.12.2007г.

до Уни банка АД Скопје ; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.561/07 од ден 26.12.2007 г. до Стопанска банка АД Скопје; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.561/07 од ден 26.12.2007 г. до Тутунска банка АД Скопје; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.561/07 од ден 26.12.2007 г. до Прокредит банк АД Скопје; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.561/07 од ден 26.12.2007 г. до Охридска банка АД Охрид; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.561/07 од ден 26.12.2007 г. до Комерцијална банка АД Скопје; Доставница И.бр.561/07 до Основен суд Охрид 06.02.2008г.; Доставница И.бр.561/07 до Државен завод за геодетски работи – ОПК Охрид од 06.02.2008г.; Доставница И.бр.561/07 до претседател на Основен суд Охрид од 08.01.2008г.; Доставница И.бр. 561/07 до вешто лице С.Ш. од 09.01.2008 г.; Доставница И.бр. 561/07 до Ѓ.М. од 06.01.2008; Барање во врска со И.бр.561/07 до Претседател на Основен суд Охрид од 08.01.2008 г.; Решение Из.бр.1/2008 од Заменик Претседател на Основен суд во Охрид од 09.01.2008г.; Известување од 09.01.2008 г. од извршител В.С. до должник С.П.; Заклучок за известување на странката за попис И.бр. 561/2007 од 09.01.2008г.; Известување до С.П. од 09.01.2008г. на извршител В.С. од Охрид; Заклучок за определување на вешто лице И.бр.561/07 од 09.01.2008 г.; Одговор на барање од НЛБ тутунска банка од 27.12.2007г.Известување по барање од ден 09.01.2008 од Охридска банка Ад Охрид; Картица за партија 14-301-0116247.6 од 28.12.2007 Охридска банка Ад Охрид; Промет на партија 14-101-0143495.5 од 28.12.2007 г. Охридска банка Ад Охрид; Картица за партија 14-001-0053210.9 од 28.12.2007г. Охридска банка АД Охрид; Одговор на барање И.бр.561/07 од 09.01.2008 г. од Про кредит банк; Барање за асистенција од полиција И. бр.561/07 од 09.01.2008 г.; Доставница И.бр. 561/07 до вешто лице С.Ш. од 09.01.2008г.; Заклучок за определување на вешто лице И.бр.561/07 од 09.01.2008г.; Доставница И.бр. 561/07 до адв. Д.Г. Охрид од 10.01.2008г.; Доставница И.бр. 561/07 до адв. Д.Г. Охрид од 10.01.2008г.; Одговор на барање за информации и податоци И.бр.561/07 од 10.01.2008г.; Полномошно од 26.12.2007 г. од С.П. со заверка од нотар В.К. од Охрид; Договор за заем на пари склучен меѓу С.П. и Х.И. од ден 06.04.2005 г. заверен на нотар Б.А. од Струга; Два затворени коверти со печат не побарал адресирани на С.П. со две повратници; Заклучок за известување на странка за попис И.бр.561/2007 од 09.01.2008г.; Барање за асистенција на полиција при спроведување на извршување И.бр. 561/07 од 09.01.2008г.; Заклучок за определување на вешто лице И.бр. 561/07 од 09.01.2008г.; Доставница И.бр. 561/07 од 09.01.2008 до Ѓ.М.; Приговор до Претседател на Основен суд Охрид од 10.01.2008 г. од Адв. Д.Г. од Охрид; Полномошно од С.П. од Охрид на полномошник Адв. Д. А. Гоџо од Охрид; Известување за движни ствари И.бр.561/07 до С.П.; Дополнение на приговор ППНИ .бр.2/08 до Претседател на Основен суд Охрид од 11.01.2008 Адв Д.Г. од Охрид; Известување од МВР на РМ СВР – Охрид бр.26.10-240/2 од 15.01.2008г.; Заклучок за извршување заради предавање на определени предмети од 16.01.2008г. И. бр.561/07; Записник за попис и процена на недвижност И.бр. 561/07 од 16.01.2008г.; Записник за попис и процена на подвижни предмети И.бр. 561/07 од 16.01.2008 год.; Записник за

одземање на определени предмети И.бр.561/07 од 17.01.2008г; Барање за информации и податоци И.бр.561/07 од 17.01.2008г.; Заклучок за определување на вешто лице И.бр.561/07 од 17.01.2008г; Доставница И.бр.561/07 до С.Д. од 17.01.2008г.; Доставница И.бр. 561/07 до вешто лице С.Ш. од 17.01.2008; Доставница И.бр. 561/07 до Претседател на Основен суд Охрид од 17.01.2008 г.; Доставница И.бр. 561/07 до МВР СВР Охрид од 17.01.2008; Поднесок до Претседател на Основен суд Охрид од 17.01.2008 од извршител В.С. од Охрид; Стручен наод и процена на вредноста на недвижен имот предмет И.бр. 561/07 од 21.01.2008 год. од вешто лице М.Ѓ. дип.инж.град.; Фотокопие од лична карта бр. 0178409 издадена од СВР Охрид на име А.М. од Охрид; Фотокопие од лична карта бр.0092574 на име З.У. од Охрид; Фотокопие од возачка дозвола бр. 29.741 издадена од СВР Охрид на име В.Г. од Охрид; Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.561/07 од 21.01.2008 година; Заклучок за утврдување на вредност на подвижни предмети И.бр. 561/07 од 21.01.2008 г.; Копие од дневен весник Дневник од 21.02.2008 г.со објава на Заклучок за усна јавна продажба; Доставница И.бр.561/07 до МВР СВР Охрид од 25.01.2008 г. ; Доставница И.бр.561/07 до С.П. од 24.01.2008 г.; Вештачење И.бр.561/07 од 21.01.2008 год. од судски вештак С.Ш. дип.маш.инж. ; Известување од СВР Охрид бр.26.14-458/2 од 21.1.2008г.; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.561/07 од 23.01.2008 год.; Жалба до Апелационен суд Охрид од должник преку адв. Д.Г. од ден 22.01.2008 год. ППНИ.бр.2/08; Известување од Уни банка бр.03-4686/2 од 21.01.2008 г.; Решение ППНИ.бр.2/08 на Заменик претседател на Основен суд Охрид од 18.01.2008г. ; Известување до извршител од СВР Охрид бр. 26.14-458/4 од 29.1.2008год.; Известување одМВР СВР –Охрид бр. 26.14/458/5 од 04.02.2008г; Решение на Апелационен суд во Битола ГЖ.бр.276/2008 од ден 29.01.2008 г; Поднесок од Д. С. од Охрид од 06.02.2008 год; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр. 561/07 до УНИ Банка АД Скопје од 08.02.2008 г.; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр. 561/07 до МВР СВР Матична служба Охрид од 08.02.2008 г.; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.561/2007 до МО ЦСР Охрид од 08.02.2008 г; Доставница до МО ЦСР Охрид И.бр.561/07 од 08.02.2008г.; Известување од Државен завод за геодетски работи Оддел за премер и катастар бр.1219/11 од 11.02.2008 г. Охрид ; Известување од МО Центар за социјални работи Охрид бр.03-97/2 од 12.02.2008г.

69. Барање од извршител В.С. од Охрид до МО ЦСР Охрид И.бр.561/2007г.; Доставница МОЦСР Охрид И.бр.561/07 од 13.02.2008год.; Доставница до С.П. од 19.02.2008 И.бр.561/08; Доставница И.бр.561/08 до С.Д. од Охрид од 19.02.2008г.; Доставница И.бр.561/07 до Управа за јавни приходи Охрид од 21.2.2008г.; Доставница И.бр.561/2007 до МВР СВР Охрид од 21.02.2008 год.; Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.561/07 до МВР СВР Охрид од 20.02.2008 год.; Заклучок за усна и јавна продажба од 19.02.2008 год. И.бр. 561/2007; Известување од Уни банка бр.03-4686/4 од 11.02.2008 г.; Аналитичка картица од 11.02.2008 г. за комитент Е.Б.; Аналитичка картица од 11.02.2008 г. за комитент М.Б.; Аналитичка картица од 11.02.2008 г. за коминтент М.Б.; Известување бр.03-97/4 од 22.02.2008 г. од ЈУ МОЦСР; Поднесок

од должник П.С.од Охрид преку адв. А.Г. од Охрид од 22.02.2008 г.; Потврда од телевизија М. од 21.02.2008 г.; Фактура бр.008/08 од 21.02.2008 г. Тв М.; Уплатница од 21.02.2008г.,уплатувач С.П., примач ТВ М.; Допис од Основен суд Охрид од ден 25.02.2008 г.; Поднесок од извршител В.С. до претседател на Основен суд Охрид , врска ППНИ бр.38/08; Доставница до Основен суд Охрид од 27.02.2008 г. И. бр.561/07; Доставница до Основен суд Охрид И.бр.561/07 од 27.02.2008г.; Поднесок до Основен суд од извршител В.С.од Охрид од 27.02.2008 г.; Известување од МВР СВР Охрид бр.26.14-1428/2 од 28.02.2008 г.; Допис од МВР СВР Охрид бр.26.4-1732 од 03.03.2008г .; Записник за усна јавна расправа од 05.03.2008г. ППНИ. Бр. 38/08 Основен суд Охрид; Решение од Централен регистар на РМ од 08.08.2006 за упис на субјектот К.ДООЕЛ Скопје; Полномошно од К. ДООЕЛ Скопје од 10.03.2008; Налог за пренос од налогодавач Изв. В. С.на примач К. ДООЕЛ Скопје од 10.03.2008г.; Записник за продажба на недвижност И.бр.561/2007 од 10.03.2008 г.; Заклучок за продажба на недвижност на усно јавно наддавање И.бр.561/2007 од 10.03.2008 год.; Заклучок за извршена продажба И.бр. 561/2007 од 10.03.2008 год.; Заклучок за предавање во владение на недвижност И.бр.561/2007 од 10.03.2008 год.; Доставница И.бр. 561/2007 до С. П. од 13.03.20008 год.; Доставница И.бр. 561/2007 до С.Д. од 10.03.2008 год.; Доставница И.бр.561/2007 до Адв. Д.Г. од 13.03.2008 год.; Барање И.бр.561/07 од Д.С. од 17.03.2008 г. ; Записник –Спогодба И.бр.561/2007 од 18.03.2008 г.; Решение на Основен суд Охрид Р.бр.279/08 од 07.02.2008 год.; Извлечок од интабулационен протокол Ин.бр.5 стр.6; Барање од заменик претседател на Основен суд Охрид од 05.06.2008 г.; Доставница И.бр. 561/07 врска ППНИ бр.38/08 , Основен суд Охрид; Известување до Основен суд Охрид; Решение на Апелационен суд Битола Гж.бр.1772/2008 од 24.06.2008 г.; Две повратници И.бр.561/07; Поднесок до заменик претседател на Основен суд Охрид од 18.08.2008г.; Доставница до Основен суд Охрид И.бр.561/08 од 19.08.08.; Досатвница И.бр.561/07 до Д.П.; Потврда од извршител В.С.од 04.10.2008г.; Повратница од 11.10.2008 г.; Поднесок од Адв. Д.Г. од 31.10.2008 г.; Поседовен лист бр.19984 од 30.10.2008 г.; Допис до С.Д. Охрид од 04.11.2008г.; Коверт на име С.Д. со повратница; Доставница И.бр, 561/07 на име С.Д.; Известување од 04.11.2008 год.; Повратница од 6.11.2008 г.; Поднесок од изв. В.С. од Охрид од 10.11.2008 г.; Поднесок од Д.С. од 11.11.2008 г.; Барање КО бр.368/2008 од 18.11.2008 г. од ОЈО Охрид; Доставница ОЈО Охрид 26.11.2008 г.; Достава на списи(документација) до ОЈО од 09.12.2008г.; Допис ОЈО КО.бр.485/2008 од 28.11.2008г.; Достава на списи до ОЈО од 25.11.2008г.; Пресуда П.бр.19/05 од 03.11.2008 г. од Основен суд Охрид.

Понатаму, увид во списи во предмет И.бр.257/08: Жалба од извршител В.С. од Охрид –во оригинал; Решение ДП. бр.168 од 02.12.2008 год.- во оригинал; Барање за утврување на дисциплинска одговорнодт бр.2786 од 24.10.2008; Известување со произнесување од извршител В.С.од Охрид од дб. 2968 од 17.11.2008 год.; Известување до извршител дб.2824 од 03.11.2008г; Повлекување на барање за извршување од 10,11,2008 год.; Решение Рев бр.1018/2008 г.од 08.10.2008 г.; Заклучок И.бр.257/2008 г. од 10,11,2008г-во оригинал; Копие од уплатница од 10,11,2008 год.; Барање за доставување на записник од 10,11,2008 год.; Решение Рев.бр.1018/2008 од 08,10,2008 год; Барање за извршување од ТД УТТ А.Р.А.

ДООЕЛ Охрид од 22,02,2008год.; Пресуда П.бр. 300/2000 од 4,04,2007 на ОС Охрид; Имотен лист од 26,2,2008 г. во 4 листа; Налог за извршување врз недвижност И.бр.257/2008 од 25.02.2008 г.; Известување од ДЗГР Одделение за премер и катастар од 07.04.2008 г.; Решение Р.бр.783/08 на ОС Охрид од 04,04,2008г.; Решение ППНИ.бр.59/08 од 20,05,2008 г. ; Имотен лист број 859 од 9,6,2008 г. ; Имотен лист број 461 од 9,6,2008 г. во 4 листа; Решение ТСЖ бр.701/2008 од 24,06,2008 г.; Службена белешка И.бр.257/2008 од 10,07,2008 г.; Службена белешка И.бр.257/2008 од 16,07,2008 г.; Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И. бр.257/2008 од 31,07,2008 г.; Заклучок за усна јавна продажба од 12,08,2008 г.; Решение ППНИ.бр.163/2008 од 14,08,2008 на претседател на ОС Охрид; Решение ТСЖ.бр.848/2008 од 25.08.2008 г. на Апелационен суд Битола; Доставница 01,09,2008 год.; Барање до ДЗГР-ОПК Охрид од изв.В.С. од 19,09,2008 г.; Известување од 22.09,2008 г. од ДЗГР Одделение за премер и катастар; Решение ППНИ.бр.207/08 , ППНИ.бр.208/08 од 24,09,2008 г.; Решение ППНИ.бр.248/08 од 24.09.2008 г. од Претседател на ОС Охрид; Барање за асистенција од полиција И.бр.257/2008 од 25,09,2008 г.; Достава на решение до адв. А.С. од 26,09,2008 г.; Повратница И.бр.257/08 од 27.09.08; Службена белешка И.бр.257/2008 од 01,10,2008 г.; Записник од 01,10,2008 г. И.бр.257/2008; Заклучок за утврдување на дополнителна вредност И.бр.257/2008 од 06.10.2008 г.; Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.257/2008 од 06.10.2008 г.; Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.257/2008 од 06.10.2008 г.; Решение ТСЖ. Бр.1046/2008 на Апелационен суд Битола од 07.10.2008 г.; Достава на заклучок за утврдување на вкупна вредност на недвижност И.бр. 257/08 од 06.10,2008 и останати списи во прилог на предмет.

ДК по грижлива оцена на сите предложени докази ја утврди следната фактичка состојба, наводите на пријавата на подносителот П.С. од Охрид кои го товарат извршителот дека издал налог со кој сиот долг го бара од должникот С.П. иако согласно извршниот наслов должници се и БЕ. и Б.М., малолетни деца на подносителот а солидарност не била утврдена во пресудата се основани, бидејќи видно од во уводите на :Налог за извршување од 24.12.2007 год. И.бр.561/2007; Налог за извршување врз недвижност И. бр. 561/2007 од 24.12.2007 год.; Заклучок за извршување заради предавање на определени предмети од 24.12.2007 год.; Заклучок за известување на странката за попис И.бр. 561/2007 од 09.01.2008г.; Заклучок за определување на вешто лице И.бр.561/07 од 09.01.2008г.; Заклучок за извршување заради предавање на определени предмети од 16.01.2008г. И. бр.561/07; Записник за попис и процена на недвижност И.бр. 561/07 од 16.01.2008г.; Записник за попис и процена на подвижни предмети И.бр. 561/07 од 16.01.2008 год.; Записник за одземање на определени предмети И.бр.561/07 од 17.01.2008г. стои *„ должникот С.П. од Охрид за себе и законска застапничка за малолетните Е. и М. “.* Во диспозитивот на наведените налози и заклучоци стои *“се спроведува извршување врз недвижноста на должникот С.П. од Охрид“, „станот на должникот“, „се наложува на должникот“.* Подоцна во Записникот за продажба на недвижност И.бр.561/07 од 10.03.2008 во уводот стои: *„ должниците* ...“. Согласно што, извршителот се раководел од извршниот наслов, насочувајќи го

налогот кон подносителката С.П. сметајќи ја како законски застапник на малолетните Е. И М.Б., по утврдениот пропус извршителот видно од Записникот за продажба на недвижност И.бр.561/07 од 10.03.2008 ги задолжува сите должници идентично со извршниот наслов. Останатите наводи од приговорот на подносител С.П. од Охрид ДК ги утврди како неосновани.
Во поглед на наводите од подносител адвокат С.А. од Охрид, кои го теретат извршителот дека при спроведување на извршувањето по предмет И.бр. 257/08 незаконски вршел продажба на недвижност која не била сопственост на должникот Г.З. в. АД Крагуевац и за која нема издадено налог за извршување ниту извршено прибелешка, туку станувало збор за имот во сопственост на С. на б. од НОБ и а. В. на М. и на ГС Г. ДОО увоз-извоз Охрид, а во своите списи извршителот неосновано го запишал како носител на сопственоста должникот Г. З. К. без доказ за сопственост, ДК ги утврди како основани.

ДК при КИРМ е на став дека со ваквиот начин на спроведување на извршувањето од страна на ивршителот В.С. по И.бр.561/07 и по предмет И.бр. И.бр. 257/08 не трпи штета ни една од странките, извршителот ги почитувал одлуките по приговори против неправилности на претседателот на Основниот суд Охрид како и одлуките по жалби на Апелациониот суд Битола и ова од страна на ДК се зема во предвид како олеснителни околности при изрекувањето на дисциплинската мерка на извршителот.

Дисциплинската комисија при одлучувањето го зема во обзир фактот дека Основниот суд Охрид, преку претседателот на судот како стварно надлежен, има одлучувано приговори за отстранување на неправилности при извршувањето како и фактот дека Апелациониот суд во Битола има одлучувано по вложени жалби од странките во извршувањето по предмет И.бр.257/08 и предмет И.бр. 561/07.

Дисциплинската комисија согласно чл. 54 ст. 1 чл. 56 т.б од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08) одлучи на извршителот В.С. да му изрече дисциплинска мерка Писмена опомена сторена дисциплинска повреда при спроведување на извршување по И.бр.257/08 и И.бр. 561/07 која писмена опомена се става 30 дена да стои на вратата од салата за состаноци во седиштето на Комората на извршители на РМ. ДК при КИРМ смета дека со оваа мерка ќе се постигне целта на казнувањето и извршителот во иднина нема да врши други повреди на службената должност при спроведувањето на извршните дејствија.

Врз основа на горенаведеното, согласно чл.59 од Законот за Извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08) Дисциплинската комисија на ден 10.12.2010 год. одлучи како во изреката на решението.